Влада на Република Северна Македонија

ЗАПИСНИК

од Тринаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 3 март 2020 година

Скопје, март 2020 година

**З А П И С Н И К**
**од Тринаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 3 март 2020 година**

Седницата започна во 12:25 часот.

На седницата претседаваа претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Оливер Спасовски, како и заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Мила Царовска, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи и заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Садула Дураки, членовите на Владата на Република Северна Македонија, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, д-р Рената Дескоска, министер за правда, д-р Нина Ангеловска, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, Хусни Исмаили, министер за култура, Трајан Димковски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Венко Филипче, министер за здравство, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, Музафер Бајрам, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Северна Македонија, Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Хисен Џемаили, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестициската клима за домашните претпријатија и д-р Бардул Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија на седницата присуствуваа и Благе Цветковиќ, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство и Дејан Павлески, заменик на министерот за локална самоуправа, како и м-р Јована Тренчевска, државен секретар во Министерството за труд и социјална политика.

На седницата присуствуваше и Пеце Мирчевски, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа, членовите на Владата на Република Северна Македонија, м-р Наќе Чулев, министер за внатрешни работи, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, Горан Милевски, министер за локална самоуправа и Елвин Хасан, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции.

*

* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

- Усвојување на Записникот од 6-та и 12-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржани на 4 и 28 февруари 2020 година

## ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД

- Записник од Третата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи - разгледување на состојбата со мигрантската криза во Република Северна Македонија

1. Предлог-одлука за избор на овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка и финансиските извештаи за 2019 година на Акционерското друштво „Медиумска информативна агенција“ - Скопје, во државна сопственост

2. Информација за напредок на спроведените активности за воспоставување на системот за управување на нус - производи од животинско потекло

3. Информација за состојбата на прекршочните предмети на Царинската управа и преземените мерки за нивно тековно решавање во 2019 година, како и за степенот на реализација на заклучоците на Владата, донесени по Точка 12 на Сто триесет и шестата седница

4. Извештај за спроведена проценка на ризикот од перење пари и финансирање на тероризам

5. Информација за потребата од продолжување на важноста на договорите за физичко обезбедување на складишта за запаливи течности, кои се во државна сопственост, склучени помеѓу Министерството за одбрана, Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати и Агенцијата за стоковни резерви

6. Предлог - одлуки за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија

7. Информација за востановување на денот на Агенцијата за национална безбедност на Република Северна Македонија, со Предлог-одлука

8. Предлог - уредба за функционалните ознаки на припадниците на силите за заштита и спасување, бојата, светлосните и звучните уреди и обележја на возилата и воздухопловите за заштита и спасување што се користат во мир и вонредна состојба и начинот на истакнување на меѓународниот знак за распознавање на цивилната заштита во случај на воена состојба на униформата и функционалните ознаки на припадниците на силите за заштита и спасување, обележувањето на возилата и воздухопловите, на објектите, на средствата за заштита и спасување и на градбите и инсталациите што содржат опасни сили

9. Информација за учеството на Република Северна Македонија во Заедничката надворешна и безбедносна политика на Европската Унија во периодот 1 јули - 31 декември 2019 година

10. Предлог-одлука за затворање на Почесниот конзулат на Унгарија во Република Северна Македонија, со седиште во Битола

11. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавно претпријатие за управување и заштита на повеќенаменско подрачје „Јасен“ – Скопје

12. Информација за ажурирана Нацрт- стратегија за одбрана на Република Северна Македонија

13. Информација со анализа за примената на Законот за правда за децата

14. Информација за постапување по обраќањата и препораките на Народниот правобранител упатени до Владата на Република Северна Македонија, органите на државната управа и други органи и организации што имаат јавни овластувања, во периодот октомври-декември 2019 година

15. Информација во врска со статусот на реализација на заклучоци од Сто и четириесеттата седница на Владата одржана на 18 јуни 2019 година, по Точка 35: „Информација за Извештајот на ГРЕКО за евалуација на Република Северна Македонија - Петти круг“

16. Информација во врска со продолжување на рокот за пилотирање нов модел на проценка за дополнителна образовна, здравствена и социјална поддршка на дете и младинец, базиран на Меѓународната класификација на функционирањето (МКФ), до 31 мај 2020 година

17. Барање за давање на автентично толкување на член 53 став 2 од Законот за следење на комуникациите („Службен весник на Република Македонија“ бр.71/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.108/19), поднесено од пратеникот Александар Кирацовски

18. Иницијатива од Башким Идризи од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.148/19 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 31 став 3 од Законот за просветната инспекција („Службен весник на Република Македонија“ бр.52/05, 81/08, 148/09, 57/10, 51/11, 24/13, 137/13, 164/16, 41/14, 33/15, 145/15 и 30/16)

19. Иницијатива поднесена од Министерството за труд и социјална политика, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.3/2020 за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на Одлуката за поништување на решенија за разрешување на должност вршители на должност и именување на вршители на должност директори во јавните установи-меѓуопштински центри за социјална работа бр.44-668/1 од 21.01.2020 („Службен весник на РСМ“ бр.16/2020).

20. Понуда од нотар Елеонора Папазова од Битола, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 70895 за КО Битола 5 на КП бр.10597, викано место/улица „Кафтанџиска“

21. Понуда за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.12932 за КО Свети Николе на КП 10290, викано место „В.Влаховиќ“, доставена од нотар Јадранка Коцевска од Свети Николе

22. Понуда од нотар Зафир Хаџи-Зафиров за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1125 за КО Гази Баба на КП бр.1569

23. Понуда за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.38 за КО Бутел на КП бр.5675 викано место/улица „Железарска“, доставена од нотар Џеват Бучи од Скопје

24. Понуда од нотар Ана Јолакоска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.26816 за КО Јурумлери на КП бр.162 дел 12 викано место/улица „Јурумлери“ ул. 2 бр.12

25. Понуда од нотар Верица Панова-Стевкова од Струмица за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.215 за КО Варварица на КП бр.303 викано место/улица „Говедарница Село“

26. Понуда од нотар Махир Зибери од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.3381 за КО Бутел на КП бр.2098 викано место/улица „Бара“

27. Кадровски прашања

28. Прашања и предлози

29. Информација за потребите на Министерството за животна средина и просторно планирање во однос на мониторинг на водите во Република Северна Македонија

30. Информација за квалитет на воздухот во Република Северна Македонија за јануари 2020 година

31. Информација во врска со Извештајот за книговодствена вредност на работите на аеродромите Меѓународен Аеродром „Скопје“ и „Св. Апостол Павле“ - Охрид заклучно со декември 2019 година на ТАВ Македонија

32. Извештај за реализација на програмата за субвенционирање на дел од трошоците за вградување на уред за погон на тнг, метан или друг вид на алтернативно гориво во возилата

33. Тримесечен извештај за работа на М-НАВ А.Д. Скопје за период јули-септември 2019 година, со дополнување

34. Финансиски план, Годишна инвестициска програма и Годишен план за јавни набавки на АД за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост-Скопје, за 2020 година

35. Извештај за финансиското работење за периодот од 1.7.2019 до 30.9.2019 година на Акционерското друштво за приредување игри на среќа, Државна лотарија на Република Северна Македонија

36. Ревизорски извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи на Централниот регистар на Република Северна Македонија и Годишната сметка за 2018 година

37. Известување за искористени нафта и нафтени деривати отстапени од Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати за јануари 2020 година

38. Годишна програма за работа за 2020 година на АД „Медиумска информативна агенција“-Скопје, во државна сопственост (МИА)

39. Годишна инвестициона програма за 2020 година на Акционерското друштво „Медиумска информативна агенција“ – Скопје во државна сопственост

40. Предлог-финансиски план на АД „Медиумска информативна агенција“-Скопје, во државна сопственост за 2020 година

41. Годишен извештај за работата на Националната комисија за учебници за 2019 година

42. Шестмесечен извештај за работата на Агенцијата за катастар на недвижности за периодот јули - декември 2019 година

43. Информација за реализација на проектот „Младинска картичка“

44. Извештај за работата на Национално координативно тело за имплементација на Конвенцијата на Обединетите Нации за правата на лицата со попреченост за 2019 година

45. Годишен извештај за реализираните активности од Акцискиот план за 2019 година за имплементација на мерките од Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост

46. Информација за здравствените проблеми кои можат да бидат предизвикани од вектори (комарци) и Акциски план за нивно контролирање

47. Иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста на член 143 ставови (3) и (4) од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/2013, 13/2014, 44/2014, 101/2014, 132/2014, 142/2016, 132/2017, 168/2018, 248/2018 и 27/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/2020), поднесена од А1 Македонија ДООЕЛ, ТРД Роби ДООЕЛ Штип, Тотал ТВ ДОО Скопје, Македонски телеком АД Скопје, Неотел ДОО Скопје, Стопанска интересна заедница на оператори на кабелска мрежа СИЗ МК-НЕТ и ТРД Кабел нет ДОО Струмица

48. Информација за можностите и условите за спогодбено решавање на предмет пред Европскиот суд за човекови права „Холанд Фарминг“, ДОО Скопје и Димковски против Република Северна Македонија, А. бр. 83901/17

49. Предлог - лиценца за приредување на игри на среќа во автомат клуб на Друштвото за трговија, обложување и приредување на игри на среќа „Гаминг Професионал“, ДООЕЛ, Тетово за деловната просторија на ул. „Борис Кидрич“ бр.4 во Тетово

50. Информација во врска со изработката на Стратегијата за реформа во даночниот систем (2020 – 2023)

*

* *

Владата без забелешки ги усвои записниците од Шестата и Дванаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржани на 4 и 28 февруари 2020 година.

*

* *

Владата го разгледа Записникот од Третата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, одржана на 2.3.2020 година и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Министерството за надворешни работи и Министерството за внатрешни работи да побараат од земјите кои што веќе придонесуваат со одреден број на странски припадници на полицијата да не го намалуваат бројот на полицајци, по можност дури и да го зголемат нивниот број.

2. Официјално да се побара техничка и секаква друга помош од Интернационалната организација за миграција - ИОМ, УНДП, УНХЦР, Европската комисија и други интервентни фондови.

Доколку Министерството за внатрешни работи, во контактите со меѓународни и други институции обезбеди финансиски средства преку било која од овие институции, истата да биде наменета за потребите на полицијата и армијата.

3. Да се разгледа прашањето за обезбедување на резерви со храна, вода и друг потрошен материјал со интервентни набавки, доколку состојбата ескалира.

4. Министерството за одбрана и Министерството за внатрешни работи да ги разгледаат плановите, како за брзо време да ги зголемуваат бројките на ангажиран персонал во зависност од ситуацијата со цел зголемување на силите на полицијата и армијата.

Меѓутоа, плановите да бидат добро разработени, со добра логистичката поддршка за да може брзо да се реагира.

Исто така, да се засили координацијата меѓу Министерството за внатрешни работи и Министерството за одбрана на дневна основа.

5. Армијата-инженерските единици, со поддршка од полицијата веднаш да ги провери состојбите на заштитната ограда и пристапните патишта и ако треба на

некои места дополнително да се интервенира, со цел да се засили безбедноста на границата.

6. Министерството за внатрешни работи, заедно со Агенцијата за разузнавање поинтензивно да ги разменуваат информациите, по можност Агенцијата за разузнавање да помогне околу следење на повиците за мобилизација на мигрантите во Грција и во Турција.

*

*       *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за избор на овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка и финансиските извештаи за 2019 година на Акционерското друштво „Медиумска информативна агенција“ - Скопје, во државна сопственост, во предложениот текст.

**Точка 2**

Владата ја разгледа Информацијата за напредок на спроведените активности за воспоставување на системот за управување на нус - производи од животинско потекло и ја усвои со следниот заклучок:

- Се укажува на АД за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси Скопје, во државна сопственост, да ги информира Владата и Агенцијата за храна и ветеринарство, за динамиката на реализација на проектот за изградба на магистралниот гасовод делница Свети Николе – Велес (Lot 8) со можноста за достапност на природен гас за потребите на планираниот објект за процесирање на нус-производи од животинско потекло во КО Лозово, Блок 9 – Општина Лозово, најдоцна до 29 мај 2020 година.

**Точка 3**

Владата ја разгледа Информацијата за состојбата на прекршочните предмети на Царинската управа и преземените мерки за нивно тековно решавање во 2019 година, како и за степенот на реализација на заклучоците на Владата, донесени по Точка 12 на Сто триесет и шестата седница и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за правда во рок од три дена Информацијата на Царинската управа да ја достави до Судскиот совет на Република Северна Македонија.

2. Се задолжува Министерството за правда да му препорача на Судскиот совет на Република Северна Македонија во рок од 30 дена да достави информација за причините поради кои Управниот суд сеуште не ги огласил за правосилни пресудите наведени во Табеларните прегледи број 1 и 2 на Царинската управа, како и за преземените активности од страна на Управниот суд за надминување на оваа состојба.

3. Се задолжува Министерството за правда да му препорача на Судскиот совет на Република Северна Македонија во рок од 30 дена да достави информација за мерките и активностите кои Управниот суд и Вишиот управен суд ќе ги преземат во насока на разрешување на состојбата со предметните стоки од прекршочните предмети кои се опфатени со Табеларните прегледи број 3 и 4 на Царинската управа, имајќи го предвид заклучокот на Врховниот суд донесен на општата седница одржана на 14.12.2015 година.

## Точка 4

Владата го разгледа и усвои Извештајот за спроведена проценка на ризикот од перење пари и финансирање на тероризам.

## Точка 5

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од продолжување на важноста на договорите за физичко обезбедување на складишта за запаливи течности, кои се во државна сопственост, склучени помеѓу Министерството за одбрана, Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати и Агенцијата за стоковни резерви и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за одбрана, Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати и Агенцијата за стоковни резерви, да склучат анекси за продолжување на важноста на договорите за физичко обезбедување на складиштата за запаливи течности, кои се во државна сопственост, за период од една, односно две години.

2. Се задолжува Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати да ги покрие трошоците за обезбедување на складиштата согласно склучените договори и за период утврден во анексите за продолжување на важноста на договорите.

Исто така, согласно мислењето на Министерството за финансии, Владата и укажува на Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати потребните средства за наредната година да ги обезбеди во рамки на одобрениот буџет.

## Точка 6

Владата ги донесе најновите текстови на: 1. Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Северна Македонија (КП бр.759, КО Пробиштип), 2. Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Северна Македонија (КП бр.1002/8, КО Пробиштип), 3. Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Северна Македонија (КП бр.472/1, КО Злетово), 4. Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Северна Македонија (КП бр.712/1, КО Пробиштип), 5. Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Северна Македонија (КП бр.8700, КО Делчево), 6. Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Северна Македонија (КП бр.8389, КО Виница), 7. Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Северна Македонија (КП бр.15439/1, КО Кочани), 8. Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Северна Македонија (КП бр.17575/1, КО Битола), 9. Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Северна Македонија (КП бр. 17579/2, КО Битола), 10. Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Северна Македонија (КП бр. 17574, КО Битола), 11. Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Северна Македонија (КП бр. 17579/3, КО Битола), 12. Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Северна Македонија (КП бр. 17574, КО Битола), 13. Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Северна Македонија (КП бр. 4743/1, КО Македонска Каменица), 14. Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија (КП бр. 5601/1, 5610/2, 5610/1, 6470/5, 5612/3, 5611, 5609/5, 5609/1, 5608/1, 5606/1, 5605/2, 5602/1, 5601/2, 5598/2, 5598/1, 5597/7, 5606/2, 5597/11, 5597/2, 5603/5, 5609/2, 5609/4, 5605/1, 5605/1, 5604/2, 5604/1, 5597/10, 5597/12, 5597/13, 5602/5, 5603/2, 5603/4, 5609/25, 5609/26, 5609/27, сите во КО Охрид 4), 15. Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Северна Македонија (КП бр.14019, КО Охрид 3), 16. Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Северна Македонија (КП бр. 5604/1 и 5604/2, КО Охрид 4), 17. Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Северна Македонија (КП бр. 5605/1 и 5605/2, КО Охрид 4), 18. Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Северна Македонија (КП бр. 14060, КО Охрид 3), 19. Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Северна Македонија (КП бр. 15, КО

Струмица) 20. Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Северна Македонија (КП бр. 1314/1, КО Струмица), 21. Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Северна Македонија (КП бр. 3820/4, КО Гевгелија), 22. Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Северна Македонија (КП бр. 6917, КО Гевгелија), 23. Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Северна Македонија (КП бр. 1091/1, КО Сретеново), 24. Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Северна Македонија (КП бр. 7215, КО Гостивар 2), 25. Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Северна Македонија (КП бр. 7914, КО Дебар 2), 26. Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Северна Македонија (КП бр. 2655/1, КО Струга), 27. Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Северна Македонија (КП бр. 2659/1, КО Струга), 28. Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Северна Македонија (КП бр. 155, КО Струга), 29. Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Северна Македонија (КП бр. 19/1, КО Струга), 30. Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Северна Македонија (КП бр. 13432, КО Тетово 3) и 31. Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Северна Македонија (КП бр. 1630/1, КО Тетово 1), во предложените текстови.

## Точка 7

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за востановување на денот на Агенцијата за национална безбедност на Република Северна Македонија, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за востановување на денот на Агенцијата за национална безбедност на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

## Точка 8

Владата ја донесе Уредбата за функционалните ознаки на припадниците на силите за заштита и спасување, бојата, светлосните и звучните уреди и обележја на возилата и воздухопловите за заштита и спасување што се користат во мир и вонредна состојба и начинот на истакнување на меѓународниот знак за распознавање на цивилната заштита во случај на воена состојба на униформата и функционалните ознаки на припадниците на силите за заштита и спасување, обележувањето на возилата и воздухопловите, на објектите, на средствата за заштита и спасување и на градбите и инсталациите што содржат опасни сили, во предложениот текст.

**Точка 9**

Владата ја разгледа Информацијата за учеството на Република Северна Македонија во Заедничката надворешна и безбедносна политика на Европската Унија во периодот 1 јули - 31 декември 2019 година (нов текст), ја усвои и го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија по усвојувањето на Информацијата, да ги објави Прегледите на декларации, изјави, одлуки на Советот на ЕУ и други правни акти на ЕУ од Брисел, Њујорк, Женева, Виена и Стразбур, кон кои Република Северна Македонија, на покана на ЕУ или унилатерално, се има придружено (прилог), во „Службен весник на Република Северна Македонија" во делот „Декларации, заеднички позиции и демарши на Европската Унија кон кои Република Северна Македонија на покана од ЕУ се придружила/прифатила".

**Точка 10**

Владата ја донесе Одлуката за затворање на Почесниот конзулат на Унгарија во Република Северна Македонија, со седиште во Битола, во предложениот текст.

**Точка 11**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавно претпријатие за управување и заштита на повеќенаменско подрачје „Јасен" – Скопје, во предложениот текст.

**Точка 12**

Владата ја разгледа Информацијата за ажурирана Нацрт- стратегија за одбрана на Република Северна Македонија, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за одбрана во рок од 7 дена од усвојувањето на оваа информација да го достави новиот текст на Стратегијата за одбрана на Република Северна Македонија, усогласен со мислењето на Секретаријатот за законодавство, до Претседателот на Република Северна Македонија за нејзино донесување.

**Точка 13**

Владата ја разгледа Информацијата со анализа за примената на Законот за правда за децата и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика во соработка со Јавната Установа Завод за социјални дејности – Скопје, до Министерството за правда на секои шест месеци да доставуваат информација за примената на Законот за правда за децата, со податоци за примената на мерки на помош и заштита од страна на центрите за социјална работа.

2. Се задолжува Министерството за внатрешни работи, до Министерството за правда на секои шест месеци да доставува информација за примената на Законот за правда за децата во постапувањето на овластените службени лица од Министерството за внатрешни работи.

## Точка 14

Владата ја разгледа Информацијата за постапување по обраќањата и препораките на Народниот правобранител упатени до Владата на Република Северна Македонија, органите на државната управа и други органи и организации што имаат јавни овластувања, во периодот октомври-декември 2019 година и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за внатрешни работи, Министерството за правда-Управа за извршување на санкциите и Управа за водење на матичните книги, Министерството за финансии и Управата за јавни приходи, Министерството за образование и наука и Државниот просветен инспекторат, Министерството за информатичко општество и администрација-Државен управен инспекторат, Министерството за транспорт и врски и Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, а им се укажува на центрите за социјална работа, Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен и Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија во рок од 5 дена да постапат по барањата, укажувањата и препораките упатени до нив од Народниот правобранител во текот на месеците октомври, ноември и декември 2019 година, по кои сè уште не постапиле и за тоа во рок од 5 дена да ги известат Народниот правобранител и Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија.

2. Се задолжуваат сите органи на државната управа и им се укажува на институциите кои немаат статус на органи на државната управа, да праќаат известување до Народниот правобранител и до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, кога ќе биде целосно завршено постапувањето по барањата и препораките на Народниот правобранител.

3. Се задолжуваат сите органи на државната управа и им се укажува на институциите кои немаат статус на органи на државната управа, извештаите, односно табеларните прегледи за постапување по обраќањата и препораките на Народниот правобранител за месеците јануари, февруари и март 2020 година до 5 април 2020 година да ги доставаат до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, заедно со копија од одговорот на секоја претставка, доставен до подносителот на претставката и до Народниот правобранител.

## Точка 15

Владата ја разгледа Информацијата во врска со статусот на реализација на заклучоци од Сто и четириесеттата седница на Владата одржана на 18 јуни 2019

година, по Точка 35: „Информација за Извештајот на ГРЕКО за евалуација на Република Северна Македонија - Петти круг“ и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат сите министри во Владата на Република Северна Македонија да ги објават на своите веб страници имињата, платите и надоместоците, како и краток опис на работните обврски на сите советници (посебни, лични и надворешни советници) во рок од пет дена и да продолжат со континуирана реализација на оваа активност, со цел реализација на препораката број I (ii) и за истото да го известат Министерството за правда и Шефот на Делегацијата на Република Северна Македонија во ГРЕКО.

2. Се задолжуваат сите органи на државната управа и им се укажува на институциите кои немаат статус на органи на државната управа од листата во прилог на оваа Информација, да назначат одговорни лица за советување во областа на интегритетот, судирот на интереси, примање подароци и сл., во рок од пет дена, со цел реализација на препораката број II (ii) и за истото да го известат Министерството за правда и Шефот на Делегацијата на Република Северна Македонија во ГРЕКО.

## Точка 16

Владата ја разгледа Информацијата во врска со продолжување на рокот за пилотирање нов модел на проценка за дополнителна образовна, здравствена и социјална поддршка на дете и младинец, базиран на Меѓународната класификација на функционирањето (МКФ), до 31 мај 2020 година (нов текст), ја усвои Информацијата и се задолжува Националното координативно тело за имплементација на Конвенцијата на ООН за правата на лицата со попреченост при Владата на Република Северна Македонија, да ја координира работата на пилот стручните тела за проценка на дополнителна образовна, здравствена и социјална поддршка на дете и младинец, за време на периодот на пилотирањето до 31 мај 2020 година, до кога треба да се најде соодветно законско решение за институционализација на пилот стручните тела.

## Точка 17

Владата го разгледа Барање за давање на автентично толкување на член 53 став 2 од Законот за следење на комуникациите („Службен весник на Република Македонија“ бр.71/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.108/19), поднесено од пратеникот Александар Кирацовски и притоа го утврди следното мислење

Владата на Република Северна Македонија смета дека посочената одредба од Законот за следење на комуникациите е јасна и недвосмислена во однос на нејзината примена, односно согласно начинот на нејзиното нормирање, просторните услови за работа на Советот ги обезбедува Собранието на Република Северна Македонија, а финансиските средства за работа на Советот се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија и му предлага на

Собранието на Република Северна Македонија да не даде автентично толкување, бидејќи одредбата е јасна и прецизна.

**<u>Точка 18</u>**

Владата ја разгледа Иницијативата од Башким Идризи од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.148/19 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 31 став 3 од Законот за просветната инспекција („Службен весник на Република Македонија“ бр.52/05, 81/08, 148/09, 57/10, 51/11, 24/13, 137/13, 164/16, 41/14, 33/15, 145/15 и 30/16) и притоа го утврди следното мислење

Согласно член 31 од Законот за просветната инспекција („Службен весник на Република Македонија“ бр.52/05, 81/08, 148/09, 57/10, 51/11, 24/13, 137/13, 164/13, 41/14, 33/15, 145/15, 30/16 и 64/18)
„За извршениот надзор, утврдените состојби, преземените дејства и преземените мерки, просветниот инспектор составува записник.
Доколку просветниот инспектор утврди дека не се применуваат законите, прописите и другите акти, донесува решение со кое се наредува извршување на определени мерки во одреден рок кој го определува инспекторот, а кој рок не може да биде подолг од осум дена од денот на донесувањето на решението.
Записникот и Решението државниот просветен инспектор ги доставува до воспитно - образовната установа, ученичкиот и студентскиот дом, високообразовната и научната установа каде што е извршен инспекцискиот надзор, до Министерството за образование и наука и до директорот на Државниот просветен инспекторат, во рок од осум дена од денот на извршениот инспекциски надзор.
Записникот и Решението овластениот просветен инспектор ги доставува до воспитно - образовната установа, ученичкиот дом каде што е извршен инспекцискиот надзор, до советот на општината, односно Советот на Градот Скопје, во рок од осум дена од денот на извршениот инспекциски надзор.
Установата од став 1 и 2 на овој член во којашто е извршен надзорот е должна за преземените мерки за отстранување на недостатоците во работата наредени со решението да го извести надлежниот инспектор во дадениот рок од денот на приемот на решението.“
Со оваа одредба од Законот се утврдува постапката по извршен надзор од страна на просветниот инспектор во воспитно - образовната установа, ученичкиот и студентскиот дом, високообразовната и научната установа каде што е извршен инспекцискиот надзор, како и обврската да состави записник за утврдените состојби, преземените дејства и преземените мерки. Доколку просветниот инспектор утврди дека не се применуваат законите, прописите и другите акти, донесува решение со кое се наредува извршување на определени мерки во одреден рок кој го определува инспекторот.
Државниот просветен инспектор Записникот и Решението од став 1 и 2 ги доставува до воспитно - образовната установа, ученичкиот и студентскиот дом, високообразовната и научната установа каде што е извршен, инспекцискиот надзор, со обврска да преземе мерки за отстранување на утврдените

недостатоците во работата наведени со Решението, како и обврската да го извести надлежниот инспектор во дадениот рок од денот на приемот на Решението за преземените мерки од страна на установата каде е вршен инспекцискиот надзор.
За преземените мерки, установата должна е да го извести Министерството за образование и наука и директорот на Државниот просветен инспекторат, во рок од осум дена од денот на извршениот инспекциски надзор.
Врз основа на погоре наведеното во член 31 став 3 се уредува доставувањето на Записникот и Решението до установата каде е вршен инспекцискиот надзор се со цел да се утврди законитоста во нејзиното работење и врз основа на утврдената фактичка состојба од страна на инспекторот се составува Записник и се донесува решение во кое инспекторот укажува на утврдените неправилности и предлага мерки кои установата потребно е да ги спроведе, а се со цел отстранување на утврдените неправилности.
Установата донесува посебен акт за спроведување на предложените мерки, се со цел отстранување на утврдените неправилности во нејзиното работење, а со овој посебен акт може да бидат засегнати одредени права и обврски на вработените согласно законски утврдените надлежности на установата. Само во овој случај на засегнатиот вработен, му е утврдено правото на правна заштита, како незадоволна странка согласно закон. Додека против Решението на инспекторот може да се изјави жалба во рок од осум дена од денот на приемот на Решението, од страна на установата бидејќи надзорот е вршен, како и мерките се изречени врз установата, односно нејзиното работење.
Одредбата е јасна и недвосмислена и не доведува до заблуда при нејзина примена, односно не е точно дека на вработените не им е овозможено да поднесат жалба кога се засегнати нивните права и обврски против решението донесено врз основа на член 31 став 3 од Законот за просветна инспекција бидејќи оваа постапка е во релација просветен инспектор и установа, заради што на установата и е дадено правото на правна заштита како незадоволна странка.
Додека пак со донесувањето на акт од страна на установата како резултат на спроведување на мерките предложени со решението донесено врз основа на член 31 став 3 се воспоставува релација установа и засегнат вработен односно странка и во оваа постапка на странката и е загарантирано правото на правна заштита како незадоволна странка.
Поради наведеното Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати предметната Иницијатива.

**Точка 19**

Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 3 март 2020 година ја разгледа Иницијативата поднесена од Министерството за труд и социјална политика, доставена до Уставниот суд под У.бр.3/2020, за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на Одлуката за поништување на решенија за разрешување на должност вршители на должност и именување на вршители на должност директори во јавните установи – меѓуопштински центри за социјална работа бр.44-668/1 од 21.1.2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.16/2020) и притоа го утврди следното мислење:

Во предметната Иницијатива се поведува постапка за оценување на уставноста и законитоста на Одлуката за поништување на решенија за разрешување на должност вршители на должност и именување на вршители на должност директори во јавните установи – меѓуопштински центри за социјална работа бр. 44-668/1 од 21.1.2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.16/2020) од причина што, како што се наведува во Иницијативата, Владата донесувајќи ја истата направила груба повреда на уставноста и законитоста на начин што си презела надлежност која не и припаѓа и укинала акт на орган на управата – Министерството за труд и социјална политика без да има правен основ за тоа. Според подносителот на Иницијативата, Владата не е надлежна да поништува одлуки кои се донесени како редовно работење на Министерството и со донесувањето на оспорената одлука ги надминала своите уставни овластувања да врши надзор над работата на Министерството.

Согласно член 51 од Уставот на Република Северна Македонија, законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и закон. Секој е должен да ги почитува Уставот и законите.

Според член 95 од Уставот, државната управа ја сочинуваат министерствата и други органи на управата и организации утврдени со закон. Се забранува политичко организирање и дејствување во органите на државната управа. Организацијата и работата на органите на државната управа се уредуваат со закон што се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници.

Според член 96 од Уставот, органите на државната управа работите од својата надлежност ги вршат самостојно врз основа и во рамките на Уставот и законите и за својата работа се одговорни на Владата.

Уставниот суд на Република Северна Македонија е орган на Републиката кој ја штити уставноста и законитоста и има посебна положба утврдена со Уставот на Република Северна Македонија. Надлежноста на судот произлегува од членот 110 од Уставот, согласно кој Уставниот суд:
- одлучува за согласноста на законите со Уставот;
- одлучува за согласноста на другите прописи и на колективните договори со Уставот и со законите;
- ги штити слободите и правата на човекот и граѓанинот што се однесуваат на слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата, политичкото здружување и дејствување и забраната на дискриминација на граѓаните по основ на пол, раса, верска, национална, социјална и политичка припадност;
- решава за судирот на надлежностите меѓу носителите на законодавната, извршната и судската власт;
- решава за судирот на надлежностите меѓу органите на Републиката и единиците на локалната самоуправа;
- одлучува за одговорноста на Претседателот на Републиката;

- одлучува за уставноста на програмите и статутите на политичките партии и на здруженијата на граѓаните и
- одлучува и за други прашања утврдени со Уставот.

Согласно член 112 од Уставот, Уставниот суд ќе укине или поништи закон, ако не е во согласност со Уставот, односно ќе укине или поништи друг пропис или општ акт, колективен договор, статут или програма на политичка партија или здружение, ако утврди дека тие не се во согласност со Уставот или со законот.

Согласно член 41 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа, надзорот над работата на министерствата го врши Владата.

Со член 55 став (1) од Законот за организација и работата на органите на државната управа се уредува дека министерот донесува правилници, наредби, упатства, планови, програми, решенија и други видови акти за извршување на законите и други прописи, кога за тоа е овластен со закон. Согласно член 57 став (1) од Законот „Во управната постапка и во одлучувањето по одделни прашања, како и во други случаи предвидени со закон и друг пропис, министерот донесува решенија".

Согласно член 30 ставови (1) и (2) од Законот за Владата на Република Македонија, Владата врши надзор над работата на министерствата и другите органи на државната управа и управните организации и има право и должност да укине или поништи пропис или друг акт на министерствата, органите на државната управа и управните организации кој не е во согласност со Уставот, закон или друг пропис на Собранието, односно пропис на Владата.

Согласно член 31 од Законот за Владата на Република Македонија, министрите се должни да ја известуваат Владата за актите кои ги донесуваат, а кои се однесуваат на начинот на остварувањето на уставните права на граѓаните, насоките на Владата, располагањето со финансиски средства (трошоци) и други значајни прашања од делокругот на министерството.

Согласно член 36 став (3) од Законот за Владата на Република Македонија, со одлука Владата одлучува за одделни прашања и мерки за извршување на законите, основа стручни и други служби за своите потреби и заеднички служби за потребите на Владата и на министерствата и другите органи на државната управа.

Од анализа на наведените уставни и законски одредби произлегува дека Владата, како носител на извршната власт, врши надзор над работата на министерствата и има права и должност да укине или поништи пропис или друг акт на министерствата, кој не е во согласност со Уставот, закон или друг пропис.

Оспорената Одлука по својата содржина и карактер не претставува пропис (акт со кој се уредуваат поединечни односи на општ начин, односно се уредуваат правни правила на однесување на определен број субјекти врз основа на кои се решава за конкретни ситуации, односно се решава за права и обврски на физички и правни лица), а согласно член 110 од Уставот на Република Северна Македонија е утврдена

надлежноста на Уставниот суд, меѓудругото да одлучува за согласноста на законите со Уставот на Република Северна Македонија и за согласноста на другите прописи и на колективните договори со Уставот на Република Северна Македонија и со законите, поради што истата не треба да биде предмет на оценка на нејзината уставност и законитост.

Од овие причини, Владата на Република Северна Македонија смета дека нема основ за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста бидејќи поднесената Иницијатива е беспредметна и му предлага на Уставниот суд да ја отфрли поднесената Иницијатива за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на Одлуката за поништување на решенија за разрешување на должност вршители на должност и именување на вршители на должност директори во јавните установи – меѓуопштински центри за социјална работа бр.44-668/1 од 21.1.2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.16/2020).

**Точка 20**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Елеонора Папазова од Битола, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 70895 за КО Битола 5 на КП бр.10597, викано место/улица „Кафтанџиска" и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 21**

Владата ја разгледа Понудата за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.12932 за КО Свети Николе на КП 10290, викано место „В.Влаховиќ", доставена од нотар Јадранка Коцевска од Свети Николе и утврди мислење врз основа на негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски и Мислењето на АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје што ќе го достави до Владата.

**Точка 22**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Зафир Хаџи-Зафиров за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1125 за КО Гази Баба на КП бр.1569 и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерството за транспорт и врски.

**Точка 23**

Владата ја разгледа Понудата за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.38 за КО Бутел на КП бр.5675 викано место/улица Железарска, доставена од нотар Џеват Бучи од Скопје и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 24

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ана Јолакоска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.26816 за КО Јурумлери на КП бр.162 дел 12 викано место/улица Јурумлери ул. 2 бр.12 и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 25

Владата ја разгледа Понудата од нотар Верица Панова-Стевкова од Струмица за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.215 за КО Варварица на КП бр.303 викано место/улица „Говедарница Село“ и го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски и негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## Точка 26

Владата ја разгледа Понудата од нотар Махир Зибери од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.3381 за КО Бутел на КП бр.2098 викано место/улица „Бара“ и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 27

По ова точка немаше предлози.

## Точка 28

1. Владата по Известувањето од Министерството за здравство, а согласно Извадок од Нацрт-записникот од Единаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 25 февруари 2020 година заклучи:

- Се задолжува Министерството за образование и наука до Министерството за здравство да достави листа со училишта во Република Северна Македонија со цел економскиот оператор да направи дистрибуција на алкохолен дезинфициенс со широк спектар на микробиоцидно дејство.

2. Владата по Информацијата за потребата за набавка на две термални камери за потребите на Министерството за здравство за скенирање на патници кои пристигнуваат на меѓународните аеродроми во Скопје и Охрид го донесе следниот заклучок:

- Се задолжуваат Министерството за здравство и Министерството за финансии веднаш да направат работна средба на која ќе изнајдат заеднички став за начинот на обезбедување на финансиски средства за итна набавка на две термални камери за скенирање на патници кои пристигнуваат на меѓународните аеродроми во Скопје и Охрид, мобилен рендген апарат, респираторни машини и лична заштитна

опрема и потоа Министерството за здравство да започне постапка за набавка на истите.

3. Владата го разгледа Барањето на Министерството за финансии за продолжување на рокови кои произлегуваат од заклучоци на Владата и притоа заклучи:

1. Во Нацрт-записникот од 99-та (тематска) седница на Владата на Република Македонија, одржана на 10 март 2017 година по однос на Предлог активностите кои произлегуваат од Програмата за работа на Владата на Република Македонија, за периодот 2016-2020 година, во заклучокот под реден број 49 „Се задолжува Министерството за финансии, најдоцна до 31 мај 2017 година, да подготви и до Владата да достави Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за инвестициски фондови со кој ќе се воведат нови видови инвестициски фондови – главен фонд и фонд напојувач и ќе се либерализираат условите за основање и работа на фондовите, согласно европските стандарди“, да се продолжи рокот до мај 2020 година.

2. Во Нацрт-записникот од 99-та (тематска) седница на Владата на Република Македонија, одржана на 10 март 2017 година по однос на Предлог активностите кои произлегуваат од Програмата за работа на Владата на Република Македонија, за периодот 2016-2020 година, во заклучокот под реден број 51 „Се задолжува Министерството за финансии, најдоцна до 1 декември 2017 година, да ја подготви и до Владата да достави Предлог-закон за опоравување на банки“, да се продолжи рокот до декември 2020 година.

3. Во Нацрт-записникот од 99-та (тематска) седница на Владата на Република Македонија, одржана на 10 март 2017 година по однос на Предлог активностите кои произлегуваат од Програмата за работа на Владата на Република Македонија, за периодот 2016-2020 година, во заклучокот под реден број 52 „Се задолжува Министерството за финансии, најдоцна до 1 декември 2017 година, да ја подготви и до Владата да достави Предлог-закон за банките во насока на уредување на мерките што може да ги преземе супервизорскиот орган и политиката на наградување како подобрување на корпоративното управување“, да се продолжи рокот до декември 2020 година.

4. Во Нацрт-записникот од 105-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 19 април 2017 година, по однос на Итните реформски приоритети за Република Македонија (јуни 2015), со Нацрт - план на активности на Владата на Република Македонија, подготвен врз основа на Листата на итни реформски приоритети за Република Македонија (јуни 2015), доставен од страна на Европската комисија (Генерален директорат за соседство и пристапни преговори) и со статус на нереализирани закони од Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија 2016 година, префрлени во Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија 2017, во заклучокот под реден број 10 „Се задолжува Министерството за финансии да достави статус и временска динамика (дали е формирана работна група и предвиден рок за доставување на Предлог – актот до Секретаријатот за законодавство) најдоцна до 30 април 2017

година за Законот за платежни услуги и системи“, да се продолжи рокот до јуни 2020 година.

5. Во Нацрт-записникот од 42-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 12 декември 2017 година, по однос на Табеларниот преглед за поништување на одделните активности на институциите кои произлегуваат од заклучоци на Владата, Табеларен преглед за продолжување на рокот на активностите на институциите кои произлегуваат од заклучоци на Владата и Табеларен преглед на институции кои не доставиле одговор, за „Предлог-законот за финансиски инструменти“, да се продолжи рокот до декември 2020 година.

4. Владата го симна од Дневен ред Барањето за изменување на Заклучок од Седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 10 февруари 2020 година (бр.44-1351/1), Точка 3 по Информацијата за присуство на Реактивната мониторинг мисија на УНЕСКО.

5. Владата го разгледа Известувањето доставено од Град Скопје за престанување на обврска произлезена од Заклучок на Влада, под број 08-2124/1 од 26.2.2020 година, го прифати и заклучи да престане да важи обврската на Град Скопје да доставува до Владата информации за текот и прогресот на активностите во врска со проектот „Изградба на современи и подвижни бини за настани и манифестации на плоштадите“, произлезена од Заклучокот донесен на 10-та седница на Владата, одржана на 23.2.2016 година по точката Прашања и предлози, со оглед дека Проектот е реализиран.

6. Владата во врска со имплементирањето на еколошката мерка за субвенционирање на граѓаните со високоефикасни инвертер клима уреди за потребите на домаќинствата (распишување на јавни повици за инвертер клима уредите) заклучи:

1. Се задолжува Комисијата за спроведување и следење на имплементирањето на еколошката мерка за субвенционирање на граѓаните со високоефикасни инвертер клима уреди за потребите на домаќинствата во општините Битола, Кичево, Тетово и на Градот Скопје, а кои користат енергетски неефикасни уреди за греење во нивните домаќинства кои влијаат на зголемување на концентрација на PM10 и PM2.5 да подготви и на наредната седница на Владата да достави комплетен извештај за сите општини за имплементација на мерката, имајќи го предвид заклучокот на Владата за начинот на распределбата на инвертер клима уредите.

2. Се препорачува на Општина Кичево да го поништи Јавниот повик за надоместување на трошоците за набавка на високоефикасни инвертер - клима уреди за 2020 година за граѓаните на подрачјето на Општина Кичево од причина што истиот е распишан спротивно на насоките од заклучоците на Владата.

7. Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија за периодот од 24 февруари 2020 година до 1 март 2020 година и согласно член 31, став

2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

8. Владата го разгледа Предлог-решението за изменување и дополнување на Решението за именување на членови на работна група за поддршка на Преспанскиот Регион и го донесе Решението со заклучок истото да се дополни со:

- м-р Мемет Жаку, кабинетски службеник, Помошник за организација и комуникации на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања.

9. Владата го разгледа Барањето за измена на заклучоци од седници на Владата, доставено од Министерството за труд и социјална политика, под број 14-1775/1 од 18 февруари 2020 година и го донесе следниот заклучок:

- Да се измени Заклучокот донесен на 118-та седница на Владата, одржана на 5.2.2019 година, по точката Прашања и предлози, со кој се задолжува Министерството за труд и социјална политика до Владата, во четвртиот квартал од 2019 година, да достави предлог-закон за социјално претприемништво (евидентиран во системот е-Влада, со рок за доставување 31.12.2019 година) и истиот да гласи:

„Се задолжува Министерството за труд и социјална политика, најдоцна до 31 декември 2020 година, до Владата да достави предлог-национална стратегија за развој на социјалното претприемништво во Република Северна Македонија.”.

10. Претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Оливер Спасовски, ги информираше членовите на Владата за остварената средба со министерот за здравство, д-р Венко Филипче, на граничниот премин Табановце, во однос на тоа како се спроведуваат мерките и препораките дадени за превенција на ширење на коронавирусот, од страна на граничните служби, полицијата, Царинската управа, центрите за јавно здравје и останатите.

## Точка 29

Владата ја разгледа Информацијата за потребите на Министерството за животна средина и просторно планирање во однос на мониторинг на водите во Република Северна Македонија, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата ги задолжи Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и Трајан Димковски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство во рок од три дена да формираат Работна група во која што ќе ги вклучат сите релевантни фактори, експерти, невладини организации итн., со цел да се следат состојбите во државата во однос на хидрологијата, да дадат препорака за краткорочни мерки и долгорочни мерки за тоа што на краткорочен план , а што на долгорочна основа ќе се преземе во врска со ова прашање.

**Точка 30**

Владата ја разгледа Информацијата за квалитет на воздухот во Република Северна Македонија за јануари 2020 година, како материјал за информирање.

**Точка 31**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Извештајот за книговодствена вредност на работите на аеродромите Меѓународен Аеродром „Скопје“ и „Св. Апостол Павле“ - Охрид заклучно со декември 2019 година на „ТАВ Македонија“, како материјал за информирање.

**Точка 32**

Владата на предлог на предлагачот го одложи од разгледување Извештајот за реализација на програмата за субвенционирање на дел од трошоците за вградување на уред за погон на тнг, метан или друг вид на алтернативно гориво во возилата за наредната седница на Владата поради потребата текстот на истиот да се усогласи со Министерството за финансии.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 33**

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за работа на „М-НАВ“, А.Д. Скопје за период јули-септември 2019 година, со дополнување, како материјал за информирање.

**Точка 34**

Владата ги разгледа Финансискиот план, Годишната инвестициска програма и Годишниот план за јавни набавки на АД за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост-Скопје, за 2020 година како материјал за информирање.

Исто така, Владата го задолжи АД за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост-Скопје во материјалот да ги инкорпорира наодите од мислењето на Министерството за финансии.

**Точка 35**

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење за периодот од 1.7.2019 до 30.9.2019 година на Акционерското друштво за приредување игри на среќа, Државна лотарија на Република Северна Македонија, како материјал за информирање.

**Точка 36**

Владата ги разгледа Ревизорскиот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи на Централниот регистар на Република Северна Македонија и Годишната сметка за 2018 година, како материјали за информирање.

Истовремено, Владата ги донесе следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии, во соработка со Централниот регистар на Република Северна Македонија и Државниот завод за ревизија, да ги разгледа укажувањата на независниот ревизор во врска со статусот на Централниот регистар на Република Северна Македонија, во однос на титуларот на сопственоста, вредноста на сопственичката главнина, како и финансиско известување и доколку оцени дека има потреба, да подготви предлог измени на Законот за централниот регистар и за истото да ја извести Владата до крајот на септември 2020 година.

2. Се задолжува Министерството за економија да формира работна група со претставници од Централниот регистар на Република Северна Македонија и Министерството за финансии, со цел да се разгледаат укажувањата на независниот ревизор во врска со обврската на Централниот регистар на Република Северна Македонија по основ на долгорочен кредит од Договор за подзаем склучен со Министерството за економија заради утврдување на статусот на оваа обврска.

**Точка 37**

Владата го разгледа Известувањето за искористени нафта и нафтени деривати отстапени од Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати за јануари 2020 година, како материјал за информирање.

**Точка 38**

Владата ја разгледа Годишната програма за работа за 2020 година на АД „Медиумска информативна агенција“-Скопје, во државна сопственост (МИА), како материјал за информирање.

**Точка 39**

Владата ја разгледа Годишната инвестициона програма за 2020 година на Акционерското друштво „Медиумска информативна агенција“ – Скопје во државна сопственост, како материјал за информирање.

**Точка 40**

Владата го разгледа Финансискиот план на АД „Медиумска информативна агенција“-Скопје, во државна сопственост за 2020 година, како материјал за информирање.

## Точка 41

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Националната комисија за учебници за 2019 година, како материјал за информирање.

## Точка 42

Владата го разгледа Шестмесечниот извештај за работата на Агенцијата за катастар на недвижности за периодот јули - декември 2019 година, како материјал за информирање.

## Точка 43

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на проектот „Младинска картичка“, како материјал за информирање.

## Точка 44

Владата го разгледа Извештајот за работата на Национално координативно тело за имплементација на Конвенцијата на Обединетите Нации за правата на лицата со попреченост за 2019 година, како материјал за информирање.

## Точка 45

Владата го разгледа Годишниот извештај за реализираните активности од Акцискиот план за 2019 година за имплементација на мерките од Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост, како материјал за информирање.

## Точка 46

Владата ја разгледа Информацијата за здравствените проблеми кои можат да бидат предизвикани од вектори (комарци) и Акциски план за нивно контролирање и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати Акцискиот план за контрола на вектори (комарци) и болестите кои можат да ги предизвикаат.

2. Се препорачува на единиците на локалната самоуправа континуирано да ги почитуваат препораките наведени во Информацијата.

## Точка 47

Владата ја разгледа Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на член 143 ставови (3) и (4) од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/2013, 13/2014, 44/2014, 101/2014, 132/2014, 142/2016, 132/2017, 168/2018, 248/2018 и 27/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/2020), поднесена од „А1

Македонија“ ДООЕЛ, ТРД „Роби“ ДООЕЛ Штип, „Тотал ТВ“ ДОО Скопје, „Македонски телеком“ АД Скопје, „Неотел“ ДОО Скопје, „Стопанска интересна заедница на оператори на кабелска мрежа СИЗ МК-НЕТ и ТРД Кабел нет“ ДОО Струмица и притоа го утврди следното мислење:

Со член 143 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/2013, 13/2014, 44/2014, 101/2014, 132/2014, 142/2016, 132/2017, 168/2018, 248/2018 и 27/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/2020) се определуваат обврските на операторите кои реемитуваат програмски сервиси.

Оспорените ставови (3) и (4) од членот 143 гласат:
„(3) Со поднесување на пријавата во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одговорното лице на операторот и одговорното лице на радиодифузерот доставува и изјава под целосна морална, материјална и кривична одговорност со која потврдува дека за реемитување на програмските сервиси ги има уредено ТВ правата за странскиот радиодифузер кој планира да го реемитува на целиот свој програмски сервис за територијата на Република Македонија.

(4) Во случај на реемитување на било кој дел од програмскиот сервис на радиодифузер од друга држава, за кој програмски сервис тој радиодифузер нема регулирани права за територијата на Република Македонија, целата морална, материјална и кривична одговорност паѓа на операторот кој го реемитува тој програмски сервис и на радиодифузерот, а постапката за утврдување на одговорноста за сторената повреда или прекршување, како и начинот на регистрација на законски застапник на радиодифузер од друга држава ја пропишува Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги со подзаконски акт.“.

Единствената разлика е тоа што кон пријавата - во смисла на член 141 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/2013) - со оспорената измена треба и одговорното лице на радиодифузерот да достави изјава со која потврдува дека за реемитување на програмските сервиси се уредени правата за нашата држава, кој странски радиодифузер домашниот операторот планира да го реемитува на територијата на Република Северна Македонија. Со ставовите (3) и (4) од членот 143 од Законот се врши допрецизирање на членот 141, со кој во став (4) е определено дека: „Со пријавата одговорното лице на операторот доставува и изјава со која потврдува под целосна кривична и материјална одговорност дека за реемитување на програмските сервиси од ставот (2) на овој член има уредено авторски и сродни права, согласно со Законот за авторското право и сродните права.“.

Ако се земе предвид дека операторот согласно член 141 став (4) од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги поднесува изјава под целосна кривична и материјална одговорност за реемитување на програмските сервиси, несомнено е јасно дека целта на оваа изјава потпишана и од одговорното лице на радиодифузерот е да се заштити операторот од потенцијалната одговорност за

сторена повреда или прекршување на авторското право и сродните права на територијата на Република Северна Македонија. Имено, повредата или прекршувањето на авторското право и сродните права може да биде последица на дејствие преземено од страна на странскиот радиодифузер, за што во такви околности домашниот оператор не може да се смета за одговорен, бидејќи и радиодифузерот дал изјава дека се регулирани права за територијата на Република Северна Македонија. Ова особено што радиодифузерот има исклучиви материјални права да дозволува или забранува користење на своите програми.

Имајќи ја предвид тесната поврзаност на членот 141 со членот 143, особено во делот кој се оспорува со иницијативата, се укажува дека Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 141 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/2013) веќе има пропишано Правилник за содржината и формата на пријавата за евидентирање во регистарот на оператори кои реемитуваат програмски пакети и на потврдата за регистрација на програмски пакети/сервиси. Прилог кон цитираниот правилник е образецот на Изјавата на одговорното лице на операторот. Дополнително, овој правилник не е укинат со подоцнежните измени и дополнувања на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Владата смета дека во однос на пријавата на програмските пакети/сервиси цитираниот правилник се применува врз операторите онака како што е објавен во „Службен весник на Република Македонија" бр. 172/2014, се до неговото усогласување со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/2020). Во текот на усогласувањето се применуваат сите одредби од законот, вклучително и членот 10 од истиот закон, согласно кој е определено дека Агенцијата пред да донесе или измени подзаконски акт од своја надлежност, организира јавна расправа која не може да трае пократко од 30 дена. Од друга страна, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги смета дека не треба да го применува Правилникот за содржината и формата на пријавата за евидентирање во регистарот на оператори кои реемитуваат програмски пакети и на потврдата за регистрација на програмски пакети/сервиси, заради измените и дополнувањата на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги со кои се интервенира во членот 143.

Овие околности на различно толкување и примена на законот несомнено влијаат врз операторите, но најголемо влијание имаат врз јавниот интерес и интересите на граѓаните на Република Северна Македонија. Оттука, Владата на Република Северна Македонија смета дека предлогот на подносителите на Иницијативата за издавање на времена мерка е разумен.

<u>**Точка 48**</u>

Владата ја разгледа Информацијата за можностите и условите за спогодбено решавање на предмет пред Европскиот суд за човекови права „Холанд Фарминг",

ДОО, Скопје и Димковски против Република Северна Македонија, А.бр. 83901/17 и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се овластува владиниот агент во постапката пред Европскиот суд за човекови права да ја изрази подготвеноста на Владата на Република Северна Македонија за пријателско решавање на предметот „Холанд Фарминг“, ДОО, Скопје и Димковски против Република Северна Македонија, А. бр. 83901/17.

2. Се овластува владиниот агент на Република Северна Македонија во постапката пред Европскиот суд за човекови права, за целите на спогодбено решавање на предметите да прифати дека државата, на првиот апликант „Холанд Фарминг“, ДОО, Скопје ќе му исплати сума во износ од 3.000 евра, а на вториот апликант Стефан Димковски ќе му исплати сума во износ од 4.500 евра во денарска противвредност.

3. Се овластува владиниот агент на Република Северна Македонија во случај апликантите во предметот пред ЕСЧП, „Холанд Фарминг“, ДОО, Скопје и Димковски против Република Северна Македонија, А. бр. 83901/17, да не ја прифатат понудата за спогодбено решавање на предметот, пред Европскиот суд за човекови права да изрази еднострана декларација со која ја признава повредата на Европската комисија за човекови права и за целите на конечно решавање на предметот пред Европскиот суд за човекови права на апликантите да им понуди износ кој е за 10% понизок од износот понуден за целите на спогодбено решавање на предметот.

## Точка 49

Владата ја издаде Лиценцата за приредување на игри на среќа во автомат клуб на Друштвото за трговија, обложување и приредување на игри на среќа „Гаминг Професионал“, ДООЕЛ, Тетово за деловната просторија на ул. „Борис Кидрич“ бр.4 во Тетово, во предложениот текст.

## Точка 50

Владата ја разгледа Информацијата во врска со изработката на Стратегијата за реформа во даночниот систем (2020 – 2023) и ја усвои со следниот заклучок:

- Се задолжува Министерството за финансии по завршувањето на изборниот процес и формирањето на новата Владата да ја достави Стратегијата за реформа на даночниот систем (2020-2023) и Акцискиот план за спроведување на истата за разгледување од страна на Владата.

*

* *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 14:05 часот.

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

д-р Драги Рашковски

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Оливер Спасовски